МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4092/**

# З А П И С Н И К

**Од 222.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 07.07.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ **(скајп)**, Снежана Клинчарова **(скајп)**, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска **(скајп)**, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп)** и Анита Латифи **(скајп)**. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>/ |

Седницата почна во 14.30 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 221.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на Годишен извештај за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици во 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со споредбени податоци на гледаноста и слушаноста на МРТ.

3. Разгледување на Извештај на АВМУ од спроведен контролен програмски надзор по Решение за превемање на мерка кон МТВ 2.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 221.Седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 221.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 221.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 221.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување на Годишен извештај за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици во 2022 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со споредбени податоци на гледаноста и слушаноста на МРТ.**

По оваа точка збор зема членот Ристе Панов каде кажа дека повод за оваа точка е да се следати разгледат споредбени податоци на јавното мислење, за да се види фидбекот на јавноста во однос на гледаноста и слушаноста на јавниот сервис, што е и наша надлежност на ПС за следењето на јавноста.
Податоците на Агенцијата за медиуми се добиени со истражување на јавното мислење и се однесуваат на: просечниот досег на слушаноста на радиостаниците и на гледаноста на телевизиите, меѓу кои и на МРТза последниот објавен годишен извештај Агенцијата за медиумиза 2022 година.
Тој кажа дека во анализата во некои делови ќе направи споредба на податоците од последниот извештај2022 годинасо годишниот извештај за 2021 година.
Во Македонија процентот на слушаност на радио изнесува околу 27 %, а најмногу што слушаат радио се возрасната популација од 30 до 39 години со 35 % па следува 40 до 49 годинишна возраст.
Податоците од лanskиот годишен извештај со податоците за 2021 година се поклопуваат во делот на слушаноста на радијата на државно ниво.Па така најслушано радио е Антена 5 со просечна слушаност 10%, на второ место е Канал 77 со просечна слушаност 7 % и на трето место доаѓа Македонско радио кој за лани во просек било слушано со 3,7% на годишно ниво. Додека четврто место и во двата извештаи го држи Метрополис. Овие процентуални податоци се од прашањето „Кои радиостаници ги слушале вчера? Што значи Македонско радио континуирано го држи третото место по слушаност на радија на државно ниво, со константен процент околу 3,7 %.
Граѓаните на Македонија најмногу слушат радио во периодот од 8 до 18 часот, а според последниот извештај пикот на слушање е во претпладневните и попладневните часови.
Содржини од радиото што ги слушаат граѓаните за минатата година се 75% музика, 15,4% информативна програма, со околу 5% утринска програма, потоа следува спортска програма, па образовна и документарна програма и друго. Оваа значи дека луѓето слушаат радио најмногу заради музика, информативна и утринска програма. Оваа е добар показател на кои содржини да се насочи македонското радио и во кои термини. Во анкетирањето не постои поделба за која програма на радиото станува збор, дали е само за македонско радио 1 или тука влегуваат и МР 2, 3 и други.
Од последниот извештај, на прашањето каде гослушале радиото, 53 % се изјасниле дека радио слушаат во автомобил, потоа следува дома, на работа и на други места. Во претходните извештаи стоеше дека преку 20 % граѓаните преку, он лајв стрим, потоа на апликација на радио и др. Оваа значи дека сега и во иднина се повеќе радиото ќе се слуша преку интернет. Оваа би било добро и сите други емисии на македонските радија да бидат достапни на интеренет и социјалните мрежи, но да бидат централизирани од МРТ.
Во последниот извештај за2022 година според полот Македонското радио повеќе го слушаат мажи со 58% наспроти 42% жени, додека возрасна популација што го слуша Македонско радио најмногу луѓе од 50 до 59 години, потоа категоријата од 30 до 49 години.
За телевизија, на анкетното прашање дали вчера гледале телевизија, според последниот извештај 67.1 % одговориле дека гледале, а 32,0% рекле дека не гледале вчера телевизија.

Од тие што не гледале ТВ 34,8 % се албанци 30,9 % македонци не гледале телевизија и други.
Во однос телевизијата според последните податоци за 2022 година, на тоа што гледале граѓаните на ТВ најмногу се изјасниле дека гледаат вести со 39,1%, потоа информативна програма 21,7%, трето што гледалесе сериските филмови со околу 10%, па игран филм, потоа забавна или музичка програма. Оваа се добри показатели , на што треба Македонската телевизија да се насочи. Според поселдното изјаснување 60.1% а истото се повторува и во претходниот извештај граѓаните на ТВ сакат да гледаат вести и информативна програма. Тука МТВ може да биде во многу подобра гледаност со зајакнување на овие 2 програми, ако овој висок процент на граѓани околу 60% сакаат вести и информативна програма тогаш треба МТВ да поработат на збогатување со информативни емисии и поквалитетни вести.
Ако ги споредиме годишниот извештај за 2022 година и 2021 година МТВ1 континуирано го задржува третото место и за двете години. Општата гледаност на телевизија процентуално за 2022 година е падната и тоа се однесува за сите телевизии . Па така ако 2021 година МТВ 1 била гледана со 35,78% , за 2022 година МТВ 1 е со 23,01% гледаност и се однесува во однос на прашањето кои домашни и странски канали граѓаните ги гледале во текот на минатата седмица? Она што е карактеристично во извештајот за 2022 година МТВ 1 по квартали најслаба гледаност имаше во првите 3 квартали, додека во четвртиот квартал е со речиси дупла гледаност на овој канал што се должи на Светското фудбалско првенство во Катар. Оваа не е каратеристично за другите национални телевизии, каде речиси констатна е гледаноста со мали осцилации во сите квартали за 2022 година. Или во бројки МТВ 1 за првиот квартал има гледаност 16,60%, за вториот 19 % и за третиот 18,63 % , односно гледаноста е и под 19 проценти за првите 3 квартали, додека за четвртиот квартал МТВ е со 37,79 % што како годишен извештај ја вади МТВ1 за 3 место по гледаност од националните телевизии. Додека во годишниот извештај за 2021 година на истото прашање МТВ 1 не паднала во просек испод 29 % гледаност, односно е била со 39, 38 и 36 % гледаност за последните 3 квартали за 2021 година. Да заклучам, МТВ 1 иако го има задржано во континуитет 3 место на гледнаност на годишно ниво, има големи осцилации во гледаноста по квартали. Тука треба тимот и одговорните уредници да направат анализа какви содржини се понудени во 1,2, и 3 квартал, што е онаа што го подобрила гледаноста во 4 квартал и споредбени податоци со изминатите години. Дополнително како информација за 2022 година по гледаност на националните телевизии прв е Сител со заокружени 55 % , потоа Канал 5 со 46 %, па МТВ 1 како што реков со 23 %, па четврта е Алфа телевизија со 22 %, пета е Телма со 22 %, па Алсат - М со 19 % и други.
На прашањето набројте ги сите домашни и странски канали што ги гледавте во текот на мината седмица, за МТВ 2 за 2022 година е со подобрена позиција за 4 места , односно од 2021 година од 20 место, МТВ 2 е дојдена на 16 место со просечна гледаност од 6,43%, односно подобрена е и гледаноста во споредба со извештајот од 2021 година кој изнесуваше 5,49%. Ако направиме споредба со другите национални телевизии и ТВ на државно ниво и преку сателит и кабел во кои вклучуваат програми на албански јазик после Алсат - М со 19,26% гледаност, доаѓа ТВ 21 со 8,40%, и на трето место е МТВ 2 со 6,43 % гледаност, по МТВ 2 на четврто место еТВ Шења со 5% гледаност, на петo место е ТВ Клан Македонија со 3,18% гледаност. Значи ако ги споредиме податоците во извештаите за 2021 и 2022 година МТВ 2 има зголемување на гледаноста од 5,49 % на 6,43 % за 2022 година. А како најслаб квартал на гледнаност на МТ2 е 1 квартал за 2022 година со 4,40%, што би упатил на тимот и на уредниците да ги разгледат причините за послабата гледаност во овој прв квартал.
Извештајот за 2022 година, тој го спореди со извештајот за 2021 година на АВМУ и за останатите телевизиски канали преку анкетното прашање кои домашни и странски канали ги гледале во текот на мината седмица.
За МТВ 3 на годишно ниво лани гледаноста во просек била 1,18%, додека за 2021 година проесекот од годишната гледаност 3,93 %. Оваа голем пад, односно двојно се намалила гледаноста на МТВ 3 од лани, во споредба со 2021 година. Би апелирал на тимот и уредниците, да направат анализа на програмата , зошто е двојно намалена гледаноста.

МТВ 4 ланскиот годишен просек на гледаност бил 0,60 % во споредба со годишниот просек за 2021 година за 0,18%, со што можеме да заклучиме споредбено е подобрена гледаноста за 2022 година на МТВ 4.
МТВ 5 годишниот просек за 2021 бил 1,03%, а за лани имаме благ пад на гледаноста на 0,84% .
МТВ Собрански канал  просекот за 2021 година бил 1,16% гледаност, додека за 2022 година е 2,36%, односно гледачите минатата година дупло повеќе го следеле Собранискиот канал во споредба со поланската година.
МТВ 1 -сателит лани со 0,89% за 2021 со 0,6% , а МТВ 2 - сателит ланскиот годишен просек бил 0,47% а за 2021 година имало 0,01 %. Меѓутоа, да напоменам,  дека МТВ 1 и МТВ 2 сателитска се емитува за во странство, а е анкетираното население кое живее во Македонија.

**ТОЧКА3:Разгледување на Извештај на АВМУ од спроведен контролен програмски надзор по Решение за превемање на мерка кон МТВ 2.**
И по оваа точка од денвниот ред збор зема членот Ристе Панов и посочи дека на една од претходните седници беше разгледувано Решението на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за превземање на мерка - јавна опомена, каде МТВ 2 се опоменува јавно за извршена повреда по член 55 став 5 од Законот за АВМУ на начин каде што на програмите на Гурманија Канал биле пласирани производи, без јасно да биде означено дека содржат пласирање на производи. И тогаш Решението наложуваше МТВ 2 да го усогласи своето работење врз основа на законот. Подоцна, од страна на Агенцијата за АВМУ е извршен програмски надзор за кој е објавен и писмен извештај во кој стои констатацијата дека, по извршениот надзор за примена на член 55  МТВ 2 во целост постапил по Решението за изрекување на мерка - јавна опомена, односно дека е отстранета извршената повреда од Законот за АВМУ.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 15.10 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател